**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Бр.10–953/4 од 16.09.2021 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 44 став (7) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20, год.), Градоначалникот на Општина Пробиштип, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана со Решение Бр.08-394/1 од 30.03.2021 год., за одобрување на Проектна Програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП.бр..1382/1, КО Добрево,Општина Пробиштип, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за одобрување на Предлог - Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип

1. **СЕ ОДОБРУВА** Предлог - проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип со тех.број 330/21 од Септември 2021 година.
2. **Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 0,47 Ха.**
3. **Составен дел на ова Решение е** Предлог - проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип со тех.број 330/21 од Септември 2021 година, изработена од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг **“ТЕКТОН“** ДООЕЛ – Скопје, а истата ја одобрува Градоначалникот на Општина Пробиштип надлежен за одобрување на урбанистичко –планската документација, врз основа на Предлогот за одобрување на проектната програма од Комисијата за урбанизам, бр.10-953/3 од 16.09.2021 год.
4. **Ажурирана геодетска подлога** за Предлог - проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип, со **Тех.бр.330/21 од Септември 2021 год.**.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.1 2210 Пробиштип*
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*

5. **Со одобрувањето на Предлог Проектната програма се продолжува постапката за изработка на Предлог Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за урбанизам формирана од страна на Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение Бр. 08-394/1 од 30.03.2021 год., даде **Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип,** бр.10-953/3 од 16.09.2021 година со предвидена класа на намена:

-Е-ИНФРАСТРУКТУРА

Во рамките на планскиот опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште** се планира развој со предвидување на една (1) градежна парцела според следната основна класа на намена:

Е-ИНФРАСТРУКТУРА

- **Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (1 фотоволтаична централа од 1MW моќност)**

**Градоначалникот го разгледа предлогот на Комисијата за урбанизам за одобрување на проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП. бр. 1382/1, КО Добрево – Општина Пробиштип и констатира дека истата е во согласност со Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20 год.) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.225/20 год.).**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Date: 2021.09.20 11:34:42 +02'00'

Изготвил: Ј.Дукоска,диа
Одобрил: Б.Станојковски,дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2021.09.20 12:15:35 +02'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2021.09.20 13:12:07 +02'00'